

# ФОЛИРАНТИ НА БИС

Димитрие **МАНЕВСКИ**

Речиси цели две децении ние имаме проблем со нашиот јужен сосед. Веројатно би било поточно доколку се каже дека нашиот јужен сосед има проблем со нас, а ние имаме проблем со сами себе.

Невозможно е да се каже точниот број на изјави, текстови, говори, заложби и што уште не, кои се дадени и направени со цел одбрана и докажување на тоа кој повеќе е патриот и кој повеќе ја сака и ја брани нашата Република.

Особено последниве неколку месеци, од предизборието наваму, ова прашање доби на особен интензитет, па може да се каже дека е тема број еден. Речиси и да нема јавна личност која не е прашана и која не го "зацементирала" својот став за одбрана на името на нашава земја. Недостасува уште тоа да се внесе како задолжително прашање при полагање тест за запишување во основно училиште и би можеле да констатираме дека патриотизмот ни е консензуален и сеопшт.

Да бидам искрен, веќе ми станува одбивна секоја изјава во која се слушаат истите зборови, во поинаков редослед и дикција. Всушност, кога некој претерано зборува за некоја тема и кога постојано инсистира да докажува нешто тоа го прави затоа што чувствува грижа на совест. Оној кој навистина мисли нешто и верува во тоа, не зборува, туку дејствува.

Целата оваа парада на разни ликови и актери кои глумат "спонтан" патриотизам, веројатно е нашиот колективен параван зад кој ја миеме својата совест за работите кои сме ги направиле, односно не сме ги направиле во минатото.

Ние, Македонците, кои во момент на занес се нарекуваме себеси "библиски народ", всушност многу повеќе сакаме да се нарекуваме себеси "Македончиња", поточно "напатени Македончиња". И доколку со еден збор би можел да ја опишам нашата нација, би нè нарекол фоliранти.

Историските неправди кои ни се нанесени, неуспехот да ги исправиме, внатрешната поделба која е настаната на национално ниво во периодот на кодошењето (1945-1991), неуспехот за создавање сопствена држава која би била барем приближно до нормална и стабилна, сè тоа се фрустрации кои се наоѓаат во секој од нас. Постојат и голем број други работи кои секојдневно ги подриваат и она малку морал, верба и искрен патриотизам кој останал во некои од нас (хашки случаи, корупција, олигархија, изолираност...).





**ДОКОЛКУ НАЦИЈАТА ЦЕНИ БИЛО ШТО ПОВЕЌЕ ОД СЛОБОДАТА, ТАА ЌЕ ЈА ИЗГУБИ ИСТАТА. ИРОНИЈАТА Е ВО ТОА ШТО ДОКОЛКУ КОМОДИТЕТОТ И ПАРИТЕ СЕ РАБОТИТЕ КОИ СЕ ЦЕНАТ НАЈМНОГУ, И ТИЕ ЌЕ БИДАТ ИЗГУБЕНИ ЗАЕДНО СО НЕА.**
***ВИЛИЈАМ СОМЕРСЕТ МОМ***

Оттаму, прашањето за името всушност е можност за миење на својата совест и за себеубедување дека ете, и ние нешто сме направиле за својата држава, односно сме ги искупиле своите гревови.

Она што јас би го прашал е што ќе се случи доколку ете, нашата Влада го прифати наметнато решение кое навлегува во нашиот идентитет, или историја, или Устав? Знаејќи го начинот со кој Владата секогаш се справува со проблемите (со интензивен и тотален маркетиншки и медиумски атак), што ќе направиме ние граѓаните?

Ќе штрајкуваме? Знаејќи дека во досегашната практика Македонците, освен со јајца, со ништо друго не се заканиле и не извршиле притисок, тоа ќе биде и ќе помине за неколку дена, евентуално седмици и ќе премине во категоријата на претходно наведените фрустрации, која целосно ќе ја скрши нашата национална гордост.

Ќе бојкотираме? Знаејќи како ги бојкотиравме досега сите оние кои на овој или на оној начин нè искористуваа или ни нанесоа штета (Телеком, Електростопанство, Веро...), по неуспешниот бојкот бојкотирачите ќе бидат обележани како Дон Кихоти и ќе служат за потсмев и за анегдоти.

Ќе гласаме против власта на наредните избори? Дежа ву. Досега на сите избори гласавме против власта, а наредната не ги решаваше проблемите кои постоеја кај претходната. Доколку некој сака да реплицира со последните избори, нека почека да поминат цели 4 години од мандатот, да дојдат на ред битните прашања, па потоа да мери јавно мислење и рејтинг.

Она што хипотетички би се случило е микс од спомнатите карактеристично македонски реакции. Веројатно ќе сковаме и теза дека ете, големите сили се тие кои ја кројат и нашата судбина и дека сме само колатерална штета. Гласноговорните патриоти ќе си најдат друга тема на која ќе држат предавања. На телопи ќе ни се "вергла" некоја флоскула од типот: "Секој е она што го носи во себе", "Ние Македонците знаеме што сме"...

И за крај, оние малкумина вистински патриоти веројатно ќе се прашаат себеси: "И што сега?" Јас би си одговорил: "Колку сме, толку сме, за никаде сме!"